# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 2 година XXXI

Јуни 2018 г.

**Социјални активности на корисниците на дневните центри - ПОРАКА Скопје**
***Посета на Музејот на ЕВН на Матка***



## СОДРЖИНА

2 страна
***Зајакнување на капацитетот на НСИОМ и неговите членки***

3 и 4 страна
***Активности на ОН - 11-та Сесија на Конференцијата на држави***

5 и 6 страна
***Активности на ЕДФ - Стандардизација на пристапноста***

6 и 7 страна
***Активности на ЕАСПД - Завршна конференција на проект***

8 и 9 страна
***Активности на ЕАСПД - Годишна конференција Варна 2018***

10 страна
***Попреченоста е само прашање на перцепција***

11 страна
***Обука за спречување на семејно насилство врз деца со попреченост***

12 страна
***Настан на ЦПЛИП - ПОРАКА Битола "Под ова небо исти сме"***

12, 13, 14 и 15 страна
***Активности на локалните организации и сервисните служби на РЦПЛИП - ПОРАКА***

16 страна
***Наша страница - Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица***

***"ПОРАКА"***
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

***Главен и одговорен уредник:***
**Виолета Димоска**

***Уредувачки одбор:***
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**
**Маја Гацоска**

***Печати:***
*Дата Понс, Скопје*
Тираж 1.000 примероци
**Јуни 2018 г. Број 2, год. XXXI**

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
"Орце Николов" бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@t-home.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**

**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**

***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.***

# Зајакнување на капацитетите на НСИОМ и неговите организации - членки

Националниот совет на инвалидски организации на Македонија (НСИОМ) во периодот јуни 2017 – јули 2018 година работеше на имплементација на проект за зајакнување на капацитетот на членките на НСИОМ со поддршка од УНИЦЕФ. Проектот е дел од активностите кои Европскиот форум за попреченост - ЕДФ ги реализира како партнер во поголем регионален проект на УНИЦЕФ со наслов „Заштита на децата од насилство и промовирање на социјална инклузија за деца со попреченост во Западен Балкан и Турција". Претставник на РЦПЛИП - ПОРАКА во име на НСИОМ ги координираше проектните активности.

Во рамките на проектот, НСИОМ ги организираше предвидените четири работилници за обука наменети за зајакнување на капацитетот на неговите организации - членки. Првата работилница „Човекови права и Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост", се одржа во Скопје, од 24 до 26 септември 2017 година. ЕДФ ги овозможи обучувачите Јанина Арсењева – експерт за Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и Гунта Анка – Генерален секретар на ЕДФ. Втората работилница „Мониторинг на обврските за човекови права" се одржа во Скопје, од 10 – 12 септември 2017 година, а обучувач повторно беше експертот Јанина Арсењева.

Овие две работилници им понудија можности на учесниците за појасно разбирање на пристапот кон попреченоста заснован на човекови права и на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, подобрување на способностите за критичка оцена на националното законодавство и политиките во однос на Конвенцијата и користење на Конвенцијата при стратешко застапување. Исто така, подобрување на капацитетот за промоција на пристапот заснован на човекови права и зголемено знаење за рамките и методологиите за процесот на мониторинг во однос на човековите права на лицата со попреченост.

Третата работилница „Планирање на инклузивни заедници" се одржа во Скопје од 11 до 13 мај 2018 година. Обучувач беше Радош Керавица, експерт за локални акциони планови за попреченост во регионот на Западен Балкан. Оваа обука беше фокусирана на процесот на децентрализација, одговорностите на локалните власти и локалните акциони планови за попреченост. Се фокусираше и на создавање коалиции со чинителите и како да се воспостави соработка со локалните самоуправи.

Четвртата работилница „Инклузивно образование - квалитетно образование за сите" беше организирана во Скопје, од 8 до 10 јуни 2018 година. Обучувачи беа Лилјана Симиќ и Сања Милорадовиќ, консултанти за инклузивно образование со големо регионално искуство. Работилниците беа насочени кон зголемување на знаењето на учесниците за процесот на инклузивно образование, вклучувајќи ја основната филозофија, елементи и фази, концептуалната рамка и практични прашања кои влијаат на имплементацијата на инклузивното образование. Исто така, обуката беше насочена и кон подобрување на способностите на учесниците да се залагаат за потребните решенија во областа на образованието на децата и лицата со попреченост, во согласност со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.



## Активности на Обединетите нации

# 11-та сесија на Конференцијата на држави потписнички на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост

# Секој има „морален императив” да ги почитува правата на лицата со попреченост

***Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост беше усвоена од Генералното собрание со резолуција 61/106 на 13 декември 2006 година. Стапи во сила на 3 мај 2008 година по 20-тата ратификација. Членот 40 од Конвенцијата вели дека „Државите потписнички редовно ќе се состануваат на конференција на државите потписнички со цел разгледување на сите прашања во однос на имплементацијата на оваа Конвенција.” од 2008 година па наваму, се одржаа 10 сесии на Конференцијата на држави потписнички во седиштето на Обединетите нации во Њујорк.***

11-тата сесија, како што беше одлучено на 10-тата сесија која се одржа на 15 јуни 2017 година, се одржа во седиштето на Обединетите нации во Њујорк од 12 до 14 јуни 2018 година.

Главната тема на овогодинешната сесија беше „Не оставајќи никој зад целосната имплементација на Конвенцијата за правата на лица со попреченост”. Подтемите кои подетално се разгледуваат беа:

1. Национален фискален простор, јавни-приватни партнерства и меѓународна соработка за зајакнување на имплементацијата на конвенцијата.
2. Жени и девојки со попреченост.
3. Политичко учество и еднакво признавање пред законот.

Вкрстената тема беше Промовирање на висококвалитетни статистички податоци за попреченост и расчленување на податоците според статус на попреченост за целосно остварување на правата на лицата со попреченост.

На почетната сесија од Конференцијата свои излагања имаа и Генералниот секретар на ОН, Antonio Guterres, Специјалниот известувач за правата на лицата со попреченост Catalina Devandas Agular и Заседавачот на Меѓународната алијанса за попреченост, Colin Allen. Ова се нивните главни пораки:

Зацврстувањето и заштитата на правата на околу 1.5 милијарда лица во светот во согласност со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост е „морален императив” кажа генералниот секретар на Обединетите нации, Antonio Guterres.

Тој на Конференцијата на потписнички на Конвенцијата во седиштето на ОН во Њујорк, Конвенцијата ја опиша како еден од најшироко ратификувани договори за човекови права, со што се потврдува дека лицата со попреченост имаат право на ист третман како и секој друг човек.

„Но, потпишувањето и ратификувањето на Конвенцијата не се доволни. Неопходна е имплементацијата” потенцираше Guterres. „Општествата мора да се организираат со цел сите лица, вклучувајќи ги и оние со попреченост, да можат слободно да ги практикуваат своите права. “

Генералниот секретар посочи дека земјите ја применуваат конвенцијата согласно нивните политики за развој, инвестиции и правни системи, што претставува значаен чекор „ако сакаме да ја исполниме централната заложба на 2030 Агендата за одржлив развој: да не оставиме никој зад себе.”

„Не можеме да си дозволиме да ги игнорираме или маргинализираме придонесите на 1.5 милијарди лица.”, кажа тој, истакнувајќи дека треба уште многу да се работи за лицата со попреченост во целост да учествуваат во општеството.

Лицата со попреченост се уште честопати се соочуваат со дискриминација, стереотипи и недостиг на почит за нивните основни човекови права – а особено жените и девојките.

„Секоја минута, повеќе од 30 жени се сериозно повредени или се стекнуваат со попреченост за време на раѓање.”, елабораше Генералниот секретар на ОН.

Понатаму, жените и девојките со попреченост се соочуваат со повеќекратни препреки за пристап до образование, здравствени услуги и работни места.

Без зајакнување на жените и родовата еднаквост, милиони жени ќе продолжат да се соочуваат со двојна дискриминација заснована на нивниот род и нивната попреченост”, додаде тој.

Генералниот секретар детално ја образложи потребата за нови пристапи за и со лицата со попреченост, што опфаќаат и вклучување на попреченоста во редовните текови на националното законодавство и стратегиите за развој.

„Суштинско ќе биде да се продолжи и да се шири работата која ја вршат агенциите на Обединетите нации за поддршка на владите и за развој на нивните капацитети на овие теми.”, продолжи тој, елаборирајќи за потребата од зајакнување на политичките рамки и законите кои се однесуваат на попреченоста, во согласност со Конвенцијата и со 2030 Агендата. Тој заклучи дека со сеопфатен преглед ќе се разгледаат сите аспекти од тоа како Организацијата се осврнува на попреченоста, како и информирање за новиот Акционен план на ОН и рамката за одговорност „кои ќе ни помогнат за се стремиме високо и да ги исполниме нашите ветувања”.

Изразувајќи се преку толкувач, Colin Allen, Заседавач со Меѓународната алијанса за попреченост, ја нагласи огромната важност од заедничко делување за да се постигне вистинска и значајна промена.

## Активности на Обединетите нации

„За лицата во оваа просторија, и за повеќе од една милијарда лица кои ги застапуваме", кажа Allen, „градиме силна и цврста платформа која ќе не носи напред."

Catalina Devandas Aguilar, Специјалниот известувач на ОН за правата на лицата со попреченост забележа дека и покрај тоа што е постигнат напредок, тој не ги опфаќа сите на ист начин. Постои голема побарувачка за јавни интервенции со подобар и повисок квалитет," рече таа, додавајќи „Само преку заедничко работење ќе успееме да ја исполниме нашата заедничка цел да не оставиме никој зад нас."

„Заедно може да ги отстраниме препреките и да ја подигнуваме свеста, за лицата со попреченост да можат да имаат целосна улога во секоја сфера од општеството," рече таа.

### Избор на нови членови во Комитетот за правата на лица со попреченост

За време на Конференцијата на државите потписнички на 12 јуни 2018 година се одржа состанок за избор на нови 9 члена во Комитетот за правата на лицата со попреченост. Новоизбраните членови ќе ги заменат оние чии мандати завршуваат на 31 декември 2018 година.

Комитетот за правата на лица со попреченост е тело одговорно за мониторинг на имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост. Составен е од 18 независни експерти избрани од државите кои ја ратификувале Конвенцијата. Како одговор на повиците на движењето за попреченост за да се опфати родовата нееднаквост во Комитетот, многу држави потписнички номинираа и гласаа за квалификувани жени кандидати со попреченост. Ова е многу важно бидејќи во моментот има само една жена со попреченост Theresia Degener, која е Заседавач со Комитетот, но го напушта на крајот од годината.

Родовата и географската застапеност се многу значајни. Тоа значи дека Комитетот треба да биде составен од еднаков број на жени и мажи, и дека членовите на Комитетот треба да се од сите региони во светот. На овие избори, за жал многу малку кандидати со попреченост беа номинирани од ЕУ и европските земји, особено жени со попреченост. Почнувајќи од јануари 2019 година, ќе има само тројца членови на Комитетот од Европа – и ниеден од нив не е жена со попреченост. За следните избори, во 2020 година, ги повикуваме европските влади да номинираат квалификувани кандидати со попреченост, особено жени со попреченост.

# Историски избор во Комитетот на ОН за елиминација на дискриминацијата врз жените - Ana Pelaez Narvaes е првата жена со попреченост член на овој Комитет



Ana Pelaez Narvaes, заменик претседател на Европскиот форум за попреченост, е избрана за член на Комитетот на ОН за елиминација на дискриминацијата врз жените (ЦЕДАВ). За прв пат во 37 годишната историја на Комитетот, жена со попреченост е избрана за член. ЦЕДАВ е тело составено од независни експерти кое ја следи имплементацијата на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените. Се состои од 23 независни експерти за правата на жените од целиот свет.

Ana Pelaez Narvaes во моментот е заменик претстедател на Европскиот форум за попреченост и заседавач со комитетот на жени. Осум години работеше во Комитетот за Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост каде истовремено ги штитеше правата на жените и девојките со попреченост. Минатата година имаше презентација на годишната конференција во Црна Гора на тема: „Како да ги промовираме поддржувачките заедници". Таа сака да ги отвори вратите, не само како поединец, туку пропратена со милиони гласови на жени со попреченост кои се досега се невидливи.

**Изјава на Ana Pelaez Narvaes**

„Верувам дека има потреба жените и девојките системски да се вклучуваат во редовните текови на работата на ЦЕДАВ. Ние сме 20% од вкупното население на жени во светот, но сме меѓу најсиромашните и постојано сме подложени на различни облици на дискриминација. Сакам, исто така, да се фокусирам на зајакнување на работата на Комитетот за ЦЕДАВ во однос на повеќекратната дискриминација со која се соочуваат многу невидливи жени, а тоа значи напредок во изготвувањето насоки за државите потписнички при решавање на интерсекторска дискриминација и да се обезбеди да не оставиме никој зад себе. Се надевам дека ќе имам активна улога во процесот на зајакнување на соработката меѓу телата на договорните тела на ОН, така што тие ќе можат да учат едни од други и да усвојат конзистентен пристап, да се движат нанапред во иста насока при справување со истите прашања.

На крајот, верувам дека треба да направиме повеќе за да ги одразиме димензиите на човековата различност во Комитетот за ЦЕДАВ, и особено, да се вклучат лица од невидливите и игнорирани групи на население, како што се жените со попреченост."

## Активности на ЕДФ - Европски форум за попреченост

# Пропратен настан организиран од ЕДФ за време на 12-тата Конференција на држави потписнички

# Кохерентност во стандардизацијата за поддршка на пристапноста

Европската унија во соработка со Европскиот форум за попреченост организираше настан на 12 јуни 2018 го Њујорк на кој се разгледаа различните перспективи во однос на пристапноста и стандардизацијата.

Претставуваше пропратен настан на 11-тата сесија на Конференцијата на државите потписнички на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, која се одржа на 12 до 14 јуни во седиштето на ОН во Њујорк.

Модератор на настанот беше Emmanuelle Grange, Шеф на одделението за попреченост и инклузија на Генералниот директорат за вработување, социјална работа и инклузија при Европската Комисија, а дискусиите допреа различни национални и меѓународни напори кои резултирале со стандарди за општ пристап во имплементирање на пристапноста.

David Capozzi, извршен директор на Одбор за пристап во САД ја започна дебатата со потсетување на времињата во кои стандардите во САД не биле земани в предвид бидејќи не постоеле законски основи за тоа. Тој објасни дека ситуацијата се променила во 1998 година, кога стандардите станале задолжителни бидејќи биле инкорпорирани во закон. Тој понатаму објасни дека кога Одборот за пристап во САД сака да публикува нов стандард, треба да се консултираат со експерти и да организираат јавни консултации со индустријата и групите за попреченост.

Претставникот на Унијата на меѓународни телекомуникации при Обединетите нации (ITU), Ursula Wynhoven го нагласи потенцијалот на новите технологии за исполнување на Целите за одржлив развој и Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост. Таа ги информираше учесниците за програмата на ITU наречена Интернет за сите за унапредување на пристапноста до интернетот, а која се развива заедно со владите, медиумите и ИТ професионалците за да се обезбеди дека веб страните се навистина пристапни за лицата со попреченост.

Во име на Бугарското министерство за труд и социјална политика, Nadezda Harizanova нагласи дека еден од приоритетите на првото бугарско претседателство со ЕУ е предлогот за Европскиот акт за пристапност. Таа исто така ги спомена заложбите усогласени од агенциите на ОН за нивните канцеларии да бидат пристапни за лицата со попреченост, вклучително и главната просторија на седиштето во Њујорк.

Immaculada Placencia, Виш експерт за попреченост и инклузија во Европската комисија покажа како напорите во стандардизацијата и во политиките сега се вклопуваат заедно во ЕУ. Од хоризонтална правна




алатка која го претставува Европскиот акт за пристапност кон секторско законодавство (на пример, за аудиовизуелни услуги или електронски комуникации), идејата е да се бара истото ниво на пристапност во приватниот сектор и во јавните агенции. Ваквите исти барања за пристапност, според Placencia, ќе се применуваат и при користењето на ЕУ фондовите. На крај, согласно стандардите за пристапност, целта е да се разглобат до детали општите функционални барања и да се искористат меѓународните развитоци, како на пример насоките за пристапност до веб содржините.

Токму за насоките за пристапност со веб содржините, Shadi Abou-Zahra, специјалист за стратегија за пристапност и технологија во меѓународната организација за стандарди W3C WAL, укажа на јавната одговорност како клучен фактор за успехот на стандардите на организациите. За него, потребно е да се вклучат сите чинители и да се најде рамнотежа меѓу нив која ќе донесе квалитет во стандардите. Со оглед на тоа што веб е доминантниот интерфејс на Интернет, во кој се спојуваат многу технологии (мобилни и ТВ апликации, софтвер, итн.) суштински е да се има кохерентни и широко применливи стандарди. Европа најверојатно многу брзо ќе го усвои неодамна објавениот WCAG 2.1.

Mia Ahlgren го објасни механизмот за вклучување поставен на Советот за шведски стандарди, потрошувачи и работници, оформен од три јавни агенции, три НВОи и два синдикати. Особеноста на овој Совет е дека сите вклучени организации одлучуваат за буџетот за финансирање на нивното учество во стандардизацијата на национално и на меѓународно ниво. Оттука, НВОи добиваат финансирање да се приклучат на комитетот за стандардизација и да ги покријат патните трошоци и времето за подготвување за состаноци, а со цел да можат да учествуваат на еднаква основа со другите. Ahlgren

## Активности на ЕДФ - Европски форум за попреченост

како пример ги наведе скорешните пакети со ИСО стандарди кои лесно се применуваат, а иницирани и водени од шведска организација за лица со попреченост.

Stein Erik Skotkjerra, главен стратег за пристапност во Siteimprove објасни дека стандардите и насоките се столбот на се што Siteimprove работи како софтверска компанија, како компанија за услуги кои, меѓу другото, нудат модел за мониторинг на пристапноста. Покрај ваквата бизнис перспектива, Siteimprove пристапноста ја гледа како дел од својата корпоративна одговорност, која е во согласност со целите за одржлив развој. Според претставникот на Siteimprove, кохерентноста во стандардите овозможува да се мерат трендовите и да се споделуваат практики и експертизи, кои нема да ја попречат иновацијата во ниеден случај.

Последниот говорник, Alejandro Moledo, претставник за нови технологии и иновации од Европскиот форум за попреченост ја истакна важноста од градење на капацитетот на организациите на лица со попреченост областа на стандардизацијата. Вклучувањето ќе обезбеди дека стандардите одговараат на целта и ги исполнуваат потребите на лицата со попреченост. Дополнително, клучен фактор е усвојувањето на јасна законска рамка со задолжителни барања и механизам за примена кој стандардите можат да ги поддржат и да помагаат во имплементацијата. За него, стандардите истовремено треба да одат подалеку од она што законски се бара за да се олеснат процедурите во индустријата и во јавната администрација, на пример, при јавните набавки, да се стреми кон највисоко ниво на пристапност.

Сите панелисти се согласија, а некои и дадоа примери за фактот дека пристапноста води кон иновации. Членот на Европскиот парламент, Brando Benifei, кој беше еден од учесниците, повторно истакна дека пристапноста треба да се претставува како бенефит за сите. За време на дискусиите, беше нагласено дека е поекономично пристапноста да се инкорпорира од самиот почеток, наместо потоа да се вметнува. Клучен фактор кој се покрена на дебатата беше и јасното укажување на пристапноста како составен дел од секој бизнис и работа.

## Активности на ЕАСПД

# Завршна конференција на европскиот проект “Патот на деинституционализацијата – итни акции”

***Крајната цел на процесот на деинституционализација е секое лице со попреченост да ја добива асистенцијата која му е потребна за да се почувствува дека тој/таа е ѕвездата во својот живот.***

Завршната конференција на проектот со наслов „Патот на деинституционализацијата – итни акции” (Path of Deinstitutionalisation – Urgent Moves (PODIUM)” во рамки на програмата Еразмус+КА2 финансиран од Европската унија се одржа во Будимпешта на 19 и 20 април 2018 година. Конференцијата претставуваше добар микс на одбележување на резултатите од проектот и промовирање на новообучените менаџери за деинституционализација, како и можност за професионални дискусии на темата деинституционализација.

Проектот ПОДИУМ се имплементираше од страна на меѓународен конзорциум од 6 партнер организации од 5 различни нации, и тоа: FSZK Nonprofit Ltd. (Унгарија), Eotvos Lorand University (Унгарија), MDRI-S (Србија), CUDV Draga (Словенија), Asociatia Alternativa Brincovenesti (Романија) и Region Midtjylland (Данска). Главната цел на проектот (кој започна со имплементација во септември 2015 година) беше да се обучат експерти, менаџери за деинституционализација во земјите од централна и источна Европа, партнери во проектот и тоа Унгарија, Романија, Србија и Словенија, кои вистински ќе го поддржат локалниот процес на деинституционали-зација во нивните земји со нови пристапи, визија и знаења стекнати за време на обуката.

32 месеци е долг период, и воедно претставуваше голем пат за членовите на конзорциумот со многу дилеми,



многу искрени дискусии, многу прашања и големи напори за да се одговори на сите тие прашања во врска со деинституционализацијата. Партнер организациите споделуваа и многу искуства во однос на деинституционализацијата едни со други за време на имплементацијата на проектот. Проектот претставуваше голема поддршка за сите, бидејќи системите за социјална заштита како и процесот на деинтитуционализација кај сите проектни партнери се на различно ниво. Тоа е тешка

## Активности на ЕАСПД

и одговорна задача, а во проектот ПОДИУМ се среќаваа посветени професионалци кои меѓусебно разговараа со цел да ја пронајдат суштината на тоа како правилно да се спроведе процесот на деинституционализација, а потоа да го споделат тоа знаење со што е можно повеќе експерти и професионалци.

Како резултат на оваа постојана професионална дискусија, најпрво се разви основен материјал за обука од страна на конзорциумот, а потоа сите партнер организации (со исклучок на Region Midtjylland) ги прилагодија тие материјали согласно потребите и условите во нивните земји. Потоа, Region Midtjylland ја организираше обуката за обучувачи, и како краен резултат од проектот, 20 менаџери за деинституционализација беа обучени во Унгарија, во Романија, во Србија и во Словенија. Понатаму, благодарение на ЕЛТЕ универзитетот во Унгарија, пристапот и визијата кои се составен дел на имплементацијата на процесот на деинституционализација, на најдобар можен начин и етички и професионално, го проширија на идната генерација професионалци – 31 студент го завршија курсот на ЕЛТЕ со наслов „Теорија и практика на живеењето со поддршка".

Завршната конференција, од една страна претставуваше прославување на горепоменатите нови менаџери за деинституционализација и студентите кои го завршија курсот, а се разбира и самиот проект, но од друга страна, таа беше место каде се случија понатамошни професионални дискусии со многу интересни презентации и теми.

Организаторите беа задоволни од бројот на учесници кој надмина 150 во текот на двата дена од конференцијата, а воедно претставуваше и шаренолика публика која дојде од 16 различни земји (од два континента). Исто така, вклучени беа и лица со попреченост кои беа дел од публиката но и модератори и презентери, што претставува вистинска примена на начелото „Ништо за нас, без нас".

Кога станува збор за делот од конференцијата каде се прославуваа успесите на проектот, треба да се спомене дека на крајот од првиот работен ден се организираше Церемонија за доделување на Сертификатите во чии рамки Pal Szekeres, Министерски комесар за социјална интеграција на лица со попреченост свечено ги додели сертификатите на 18-те професионалци кои завршија „Обука за менаџери за деинституционализација" организирана од FSZK Nonprofit Ltd, во Унгарија. Понатаму, како дел од оваа церемонија, Др. Peter Zaszkaliczks (Декан на ЕЛТЕ Универзитетот за специјално образование) и Др. Gabor Juhasz (Декан на ЕЛТЕ Универзитетот за социјални науки) ги доделија сертификатите од обуката на оние 31 студент кои завршија обука „Теорија и практика на поддржано живеење" во ЕЛТЕ Универзитетот.

Но, како што беше претходно споменато, оваа финална конференција беше повеќе од само прославување на проектот и неговите резултати. Настанот претставуваше добра основа за професионалците од многу земји да се состанат и да разговараат за дилемите, потешкотиите, добрите и лошите примери и идните задачи при процесот на деинституционализацијата воопшто. Презентациите беа крајно корисни и различни во темите, што пак помогна присутните да добијат широка слика за различните аспекти на деинституционализацијата.



На крајот, театарската претстава на Slovenska Popevka, во која лицата со попреченост глумеа, играа, танцуваа и свиреа заедно во совршена хармонија беше убаво и интересно затворање на конференцијата.

*Во рамките на конференцијата „Патот на деинституционализацијата – итни акции" , претставници на РЦПЛИП - ПОРАКА: д-р Василка Димоска и Владо Крстовски, на покана на ЕАСПД и како дел од делегацијата на ЕАСПД, учествуваа на студиската посета со цел процена на процесот на тековната реформа на деинституционализација во Унгарија. Беа остварени повеќе состаноци со одговорни институции и посети на институции во Будимпешта кои во следниот период ќе бидат трансформирани во сервисни служби во заедницата. Делегацијата на ЕАСПД даде свои согледувања и препораки за соодветно спроведување на процесот на деинституционализација:*

- *Развивање на стратегија и трансформациски планови за секоја институција поединечно,*
- *Соодветна застапеност на корисницитие во процеост на преселување од резиденциските институции во заедницата,*
- *Вклучување на организациите кои ги застапуваат правата на лицата со попреченост,*
- *Новите услуги да бидат лоцирани во заедницата и да бидат поврзани со редовните услуги, да бидат креирани врз основа на проценка на потребите и врз основа на развиените лични планови за корисниците,*
- *Обука на персоналот за работа во новите услуги и служби,*
- *Подигање на јавната свест.*

## Активности на ЕАСПД - Годишна конференција 2018

# Европска конференција “Социјалната економија како ефективен модел за социјална инклузија: социјално претприемништво, социјални сервисни служби, вработување”

***Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД) во соработка со националната алијанса за социјална одговорност (НАСО), а како дел од официјалната програма на Бугарското Претседателство со Советот на Европската унија, беа домаќини на Европската конференција на тема „Социјалната економија како ефективен модел за социјална инклузија - Социјално претприемништво, социјални сервисни служби, вработување” која се одржа од 14 до 16 јуни 2018 година во Варна, Бугарија.***

Секторот за социјални сервисни служби вработува над 10 милиони лица како персонал со над 17 милиони нови работни места креирани во Европа во периодот помеѓу 2008 и 2015 година. Со се постарото население и промените во семејните модели, се очекува дека секторот ќе продолжи да расте во следните неколку децении. Со цел секторот позитивно да одговори на овој тренд и да продолжи да обезбедува високо квалитетни социјални сервисни служби, неопходно е која било рамка за социјални сервисни служби да ги опфати следните прашања:

- Обезбедување на адекватно, континуирано и одржливо финансирање на секторот, и да се гарантира обезбедувањето на високо квалитетни индивидуализирани социјални сервисни служби за сите и да се овозможува социјална иновација;
- Унапредување на атрактивноста на секторот за работниците преку зголемување на платите, подобрување на условите за работа и кариерата;
- Раководење со преодот во сервисни служби во местото на живеење во согласност со зголемената улога на јавните власти, општествените промени и индивидуалните потреби;
- Вградување на технолошките развитоци како клучни елементи за поддршка на иновацијата во секторот.

### Социјална економија

Социјалната економија ги опфаќа кооперативите, непрофитни асоцијации, фондации и социјални претпријатија. Тие извршуваат голем број на комерцијални активности, обезбедуваат широк спектар на производи и услуги низ европскиот единствен пазар и генерира милиони работни места. Социјалните претпријатија, исто така, се моторот за социјална иновација.

### Социјални претпријатија

Социјалните претпријатија ги комбинираат општествените цели со претприемничкиот дух. Според иницијативата на Европската комисија за социјален бизнис, социјалното претпријатие се дефинира како „оператор во социјалната економија чија главна цел е да има социјално влијание наместо да прави профит за сопствениците или акционерите. Тоа делува преку обезбедување на добра и услуги за пазарот на претприемнички и иновативен начин и го користи својот профит првенствено за постигнување на социјални цели. Се раководи на отворен и одговорен начин, а особено, неговото управување ги вклучува вработените, потрошувачите и акционерите кои се опфатени со комерцијалните активности”.

„Обликот на делување” според горенаведената дефиниција ги вклучува следните критериуми:

- Организацијата мора да е ангажирана во економска активност: тоа значи дека мора да има континуирани активности на производство и/или размена на добра и/или услуги;
- Мора да исполнува јасна и примарна социјална цел: социјална цел е цел од која корист има општеството;
- Мора да има ограничувања на распоредување на профитот и/или имотот: целта на ваквите ограничувања е да се стави приоритет на социјалната цел пред правењето профит;





# Активности на ЕАСПД - Годишна конференција 2018

- Мора да биде самостојна, т.е. мора да има организациска автономија од државата и другите традиционални профитни организации; и
- Мора да има инклузивно управување, т.е. мора да се карактеризира со партиципативни и/или демократски процеси за донесување одлуки.

**Време е да се ослободи социјалната економија за инклузија и работни места!**
*ЕАСПД се обврзува да го поддржува развојот на социјалната економија и инклузивни општества на годишната конференција во Варна.*

На конференцијата присуствуваа социјални сервисни служби, јавни власти и клучни чинители од граѓанското општество. Учесниците разговараа како може социјалната економија да придонесе за поинклузивно и одржливо општество.

Составена од широк опсег на претпријатија и организации, растечката социјална економија во Европа **докажува дека нашите економии можат да ја зголемат социјалната инклузија и да ги намалат нееднаквостите**, додека истовремено се грижат за економскиот раст. **Европскиот Комесар за вработување, социјални работи, вештини и мобилност на трудот, Marianne Thyssen** ја отвори конференцијата со говор во кој ја истакна *важноста од социјалната економија во* ***имплементирањето на Европскиот столб на социјални права*** *и нагласи дека идниот Европски социјален фонд и ИнвестЕУ ќе обезбедат можности за инвестирање за социјалниот сектор,* ***вклучително и социјалните економски претпријатија***.

Во своето поздравно обраќање, претседателот на ЕАСПД James Crowe потенцираше дека социјалната економија е моќна алатка „која може да придонесе за создавање на поддржувачки заедници, кои може да ги зајакнат оние кои имаат потреба од поддршка, особено лица со попреченост, и да придонесат за создавање на соодветни работни места и промовирање на инклузивни работни услови."

Georgi Georgiev, претседател на НАСО, додаде на забелешките на Crowe велејќи дека „социјалната економија е нов хоризонт за развој на социјалните сервисни служби, промовирајќи вистинска социјална инклузија како и зголемување на човечкиот потенцијал и можностите за учество." Георгиев ја потврди важноста ја социјалната економија, во поддршката на инклузивните пазари на трудот, нагласувајќи дека „социјалната инклузија, преку вработувањето е клучот на еднаквите услови за игра и подобар живот за сите".

Во Европа во моментот функционираат 2 милиони претпријатија во областа на социјалната економија, и претставуваат 10% од сите бизниси, па годишната конференција на ЕАСПД даде можност да се надоградува на веќе развиената социјална економија. Учесниците имаа можност да споделуваат најдобри практики, да ги истражуваат националните рамки и да разговараат како заеднички да придонесат за социјалната економија и да го поддржуваат создавањето на се повеќе инклузивни општества.

Говорејќи за улогата на социјалните сервисни служби и потребата да се поддржи социјалната економија, Генералниот секретар на ЕАСПД Luk Zelderloo, рече „обезбедувачите на социјални сервисни служби за поддршка ја формираат виталната компонента на социјалната економија. Заедно може да бидеме носители на иновации во социјалната економија". Тој продолжи со „за ЕАСПД оваа конференција е само почеток и дискусиите кои ќе се водат тука во Варна ќе ја обезбедат основата за нашата декларација, да се поддржи растот на социјалната економија и инклузијата низ цела Европа. Се надеваме дека оние кои ни се придружија тука во Варна, а и другите кои ќе ни се приклучат во нашата заложба, за зајакнување на лицата со попреченост да ги уживаат своите права, да најдат соодветно вработување на отворениот пазар на трудот и целосно да учествуваат во заедницата".

За време на конференцијата учесниците имаа можност
- Да ги претстават и да дискутираат за концептите на социјална економија и нејзините ефекти врз квалитетот на живеење на лицата со попреченост и социјалната кохезија, како и создавањето на поодржливо и инклузивно општество преку потенцирање на вредностите, иницијативите и активностите;
- Да споделат илустративни примери на студии на случаи за тоа како организациите, без разлика на тоа дали директно работат во полето на попреченост или не, можат да бидат примери на различност и да делуваат како модели за „вклучување на попреченоста во редовните текови";
- Да покажат како социјалната економија може да придонесе за Целите за одржлив развој (SDGs) на Обединетите нации;
- Да промовираат пристап со кој попреченоста ќе се вклучи во редовните текови, како дополнение на иницијативните специфични за попреченоста, во општеството како целина и посебно во социјалните претпријатија и организации;
- Да ја презентираат и да дискутираат за стратегијата на ЕУ за социјална економија;
- Да ги евалуираат различните концепти и нивните услови за успех;
- Да ги презентираат и да ги евалуираат различните работни рамки (законски, финансиски и даночни рамки) поврзани со развојот на социјалната економија.



## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА, НСИОМ, МИМ и МДИ

# Први активности во рамките на проектот „Попреченоста е само прашање на перцепција"

***Институтот за медиуми и различности од Лондон, Македонскиот институт за медиуми и Националниот совет на инвалидските организации на Македонија, а Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА како координатор од страна на НСИОМ, изминатиот период соработуваат во реализација на проект финансиран од Европската унија.***

„Попреченоста е само прашање на перцепција", е проект имплементиран од Институтот за медиуми и различности од Лондон, во партнерство со Македонскиот институт за медиуми и Националниот совет на инвалидските организации на Македонија, а финансиски поддржан од Европската Унија. Целта е да се зголеми видливоста преку медиумите и да се подобри јавната перцепција на лицата со попреченост, како неопходен предуслов за нивно активно учество во јавниот живот и за еднаков третман при практикување на правата и слободите. Активностите се засноваат на иновативен пристап, правејќи преглед на видливоста на лицата со попреченост во медиумите како неопходен предуслов за нивно активно учество во јавниот живот и еднаков третман во практикувањето на правата и слободите. Дизајнот на проектот одговара на околината во која, ослабената улога на медиумите како заштитници од јавен интерес во Македонија, од една страна, и тешката клима во која дејствуваат граѓанските организации, резултираше со намалување на медиумскиот простор за презентирање на потребите на лицата во неповолна ситуација, а со тоа и на погрешни претпоставки на граѓаните во признавањето на постоечка дискриминација.

Невидливоста на лицата со попреченост во медиумите го попречува и нивното вистинско учество во јавниот живот и целосно практикување на човековите права и социјална инклузија. Поради тоа, активностите се поставени за да обезбедат решенија и да осигураат предуслови за намалување на невидливоста на лицата со попреченост во медиумите, преку постигнување на следните специфични цели:

- Зголемена ефективност на организациите на лицата со попреченост преку преземање на асертивен пристап во комуникацијата со медиумите;
- Подобрено разбирање и вештини за инклузивно новинарство на претставниците од медиумите;






- Воспоставени одржливи механизми за соработка меѓу граѓанските организации и медиумите во поддршка на учеството и инклузијата на лицата со попреченост;
- Невидливоста на лицата со попреченост во медиумите се поставува повисоко на агендата на креаторите на политики.

Во изминатиот период, проектните активности беа насочени кон организирање на две тридневни работилници за граѓански организации што ги застапуваат правата на лицата со попреченост во земјава, а кои сакаат да ги подобрат своите комуникациски вештини користејќи ги онлајн и традиционалните медиуми.

„Нека се чуе вашата порака!" е насловот на двете тридневни работилници со граѓански организации што ги застапуваат правата на лицата со попреченост во земјава. Првата се реализираше во Скопје во мај, а втората во Охрид во јуни 2018 година. Двајца домашни и странски обучувачи им пренесоа знаења и вештини на учесниците со цел тие да ги подобрат своите комуникациски вештини користејќи ги онлајн и традиционалните медиуми. Гостин предавач на обуките беше д-р Василка Димоска, Генерален секретар на РЦПЛИП - ПОРАКА. Претставници на триесетина граѓански организации од земјава кои што работат со лица со попреченост беа запознаени со медиумските алатки и техники за подигање на видливоста на нивните организации, преку практичен пристап, развивање на медиумска кампања, како и менторска поддршка за сите граѓански организации при натамошно развивање и имплементирање на нивните идеи за медиумските кампањи.

Првата работилницата започна на 3 Мај, Денот на слободата на медиумите, со што симболично се испраќа порака дека медиумите треба да овозможат поголем простор и видливост со цел да се слушне гласот на маргинализираните и ранливите групи, што е важен сегмент од слободата на изразувањето на сите сегменти во едно демократско општество.

## Соработка на РЦПЛИП - ПОРАКА со ХЕРА

# Обуки за подобрување на работата со деца со попреченост кои се жртви на семејно насилство

Во септември 2016 година, во партнерство со канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување – ХЕРА, почна иновативен проект за воспоставување локални меѓусекторски тимови кои ќе постапуваат во случаи на деца жртви на насилство, со цел зајакнување на координираниот пристап кон заштита на децата.

За таа цел, во текот на 2017та беше подготвен пакет од алатки за обучувачи, а потоа се организираше и обука за обучувачи, по која 14 стручни лица од повеќе сектори (меѓу кои и центрите за социјална работа, образованието, здравството, полицијата, Јавното обвинителство и граѓанскиот сектор) добија сертификати за национални обучувачи, односно можат да обучуваат меѓусекторски тимови за постапување во случаи на деца жртви на насилство. Беше подготвен и протокол за постапување на меѓусекторски тимови, а се изработуваа и практични прирачници за стручни лица во образовниот и здравствениот систем, со цел подобрување на нивните вештини и знаења за препознавање насилство врз деца и препраќање на таквите случаи. Кон крајот на 2017 година беа формирани 4те пилот- локални мултисекторски тимови, во Скопје, Гостивар, Штип и Битола. Тимовите ги сочинуваат професионалци и стручни лица од локалните центри за социјална работа, полициските станици, Основното јавно обвинителство, гинеколози, педијатри, како и членови на Бирото за развој на образованието и претставници на граѓанските организации.

Во овие 4 локални меѓусекторски тимови има вкупно 65 професионалци од сите 6 сектори, кои во текот на 2018 добија и дополнителни обуки за јакнење на нивните вештини и знаења. Имено, акцентот беше ставен на подобрување на работата со деца со попреченост кои се жртви на насилство, и на оваа тема се спроведоа 2 дводневни обуки за членовите на меѓусекторските тимови. Обуките се одржаа на 27/28 април и 04/05 мај во Скопје, каде обучувачи беа Владо Крстовски – РЦПЛИП - ПОРАКА, Тања Станкова – специјален едукатор и рехабилитатор и Весна Матевска – ХЕРА.





Преку содржините на обуките за деца со попреченост - жртви на насилство, учесниците се стекнаа со основни теориски, но и практични знаења и вештини за тоа што значи попреченост, каква класификација на попречености постои и кои се карактеристиките, односно најзначајните нешта за видовите попречености кај децата. Понатаму, беа опфатени законските импликации при постапување со деца жртви, како и практични насоки за водење разговор со дете жртва согласно разните видови попречености. Дополнително, значаен дел од обуката беше посветен на преваленцијата на насилство кај деца со попреченост, најчестите причини и последици од истото и како да се справиме со случај на насилство врз дете со попреченост. Особен интерес кај учесниците предизвикаа практичните алатки за комуникација со деца со попреченост, кои им се навистина потребни во нивната секојдневна работа.



## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Настан “Под ова небо исти сме”

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Битола организираше настан „Под ова небо исти сме” кој се одржа на 12.5.2018 во соработка со Меѓународниот Славјански универзитет „Г.Р. Державин” и здружението „Цивитас” од Штип. Учесници беа корисниците на социјалните клубови во ЦПЛИП – ПОРАКА Битола, ЦПЛИП – ПОРАКА Штип и ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп, како и ученици од училиштето за оштетен слух и говор „Кочо Рацин” од Битола.

Настанот беше поделен во два дела. Во првиот дел беше организирана работилница од страна на професорите, асистентите и студентите од факултетот за психологија при Меѓународниот Славјански Универзитет „Г .Р. Державин” заедно со лицата со интелектуална попреченост на која се правеа рачни изработки. Во вториот дел беше организирана изложба на дела во арапска техника на Верче Андонова, член на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип. Исто така, беа изложени и ракотворби од трите социјални клубови, кои се изработувале во текот на изминатата година. На изложбата беа поканети и присуствуваа локалните медиуми, средни и основни училишта Во Битола, како и невладини организации.

Дружбата од сите три социјални клубови продолжи во Зоолошката градина, каде што корисниците беа воодушевени од разновидните диви и домашни животни.

Крајот го заокружи посетата на древниот град Хераклеа Линкестис кој што го основал Филип II Македонски. Со помош на водич предводен од Завод и Музеј на град Битола, беше раскажана целата историја околу настанувањето на овој град.



# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола

Согласно планираната програма за работа Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Битола и социјалниот клуб во изминатиот период редовно ги реализираат своите активности. Во текот на месец мај, покрај редовните работилници се одбележа и 24 Мај, денот на Сесловенските просветители Кирил и Методиј. Гостин во Социјалниот клуб беше Драги Атанасовски, професор по етика и религија, кој говореше за значајностите на верските празници. На негова покана, корисниците на социјалниот клуб беа гости во црквата Св.Богородица каде го славеше своето име.

Во текот на месец јуни, редовно течеа планираните активности и работилници во социјалниот клуб. На покана на Пеце Цветковски, професор по физичка култура се реализираше и посета на Вила Дихово во селото Дихово кое се наоѓа во подножјето на планината Пелистер. На крајот од месецот се реализираше и кулинарска работилница во која беше вклучен и еден од родителите на корисник во социјалниот клуб.



## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Велес

"Другаруваме, спознаваме, учиме, напредуваме" е проект поддржан од Фондацијата Отворено општество со поддршка од Градоначалникот на Општина Велес, во реализација на ЦПЛИП - ПОРАКА Велес. Целна група се учениците од петте редовни основни опшински училишта во Велес на возраст од 10 до 12 години, со основна цел да се разбере дека целта на инклузивното образование е стимулативна средина во која се разбираат и прифаќаат учениците со посебни образовни потреби земајќи ги предвид нивните можности, способности и креативност, наспроти неспособноста, ограничувањата и неможноста. Во рамките на проектот се планирани едукативно – информативни и креативно – творечки работилници и Летна школа со времетраење од 5 дена во Детско одморалиште „Мајски цвет", Струга за 15 ученици од петте редовни основни опшински училишта во Велес на возраст од 10 до 12 години и 10 ученици со посебни образовни потреби од ПОУ „Маца Овчарова".

Проектот е во траење од шест месеци и се реализира од месец март. Реализирани се 5 едукативно-информативни работилници на кои учениците од редовните основни оптински училишта имаа можност да стекнат одредени знаења, вештини и способности на тема „Како е да си дете со посебни потреби", кој е начинот да им се обезбеди квалитетен живот, подобрена комуникација и интеграција во оптшеството.

Во просториите на посебното основно училиште со ученички дом „Маца Ѓ. Овчарова", се реализираа 5 креативно-творечки работилници со цел почитување и развивање на индивидуалните способности на секое дете и заедничко креирање на квалитетно поминато време.

Со примена на современи методи и активности: драма метод, арт работилница, спортски активности и музико терапија, учениците со посебни образовни потреби имаа можност да ги покажат своите можности, вештини и способности пред своите врсници со типичен развој од редовните училишта и меѓусебно да соработуваат.

Во периодот од 07 – 12.07.2018 година, ќе се реализира летниот камп на кој учениците од редовните училишта ќе бидат обучени за тутори на учениците со посебни потреби. Туторите, своите знаења и искуства ќе ги применат за директна поддршка на ученици со попреченост вклучени во редовниот образовен систем, но и ќе ги споделуваат со останатите ученици од матичното училиште. Со ова ќе постигнеме хармоничен однос помеѓу учениците, ќе изградиме свест и позитивен став за она што е „различно од нив" бидејќи прифаќањето и вклучувањето на лицата со посебни потреби во секојдневниот живот е едно од значајните принципи на делување.



# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Дебар, во соработка со ООУ „Саид Најдени" од Дебар организираше еднодневна работилница за размена на знаења и искуства од областа на интелектуална попреченост и аутизам. Работилницата се одржа на 14.5.2018 година во просториите на училиштето, а присуствуваа лица со интелектуална попреченост и нивни родители - членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар, наставници, психолози, дефектолози од Дебар, како и психолози, дефектолози и социјални работници од Подградец, Албанија. Анила Бебри, директор на дневен центар за лица со попреченост од Подградец, ја презентираше програмата за работа на дневниот центар и соработката која ја имаат воспоставено со родителите на нивните корисници, и начините на кои ја унапредуваат оваа соработка со цел градење на се подобри односи родители – деца со интелектуална попреченост. Инва Шемо, социјален работник, на присутните им ја презентираше АБА терапијата, која е наменета за работа со деца со аутизам. Потоа следеше дискусија и размена на мислења и искуства на сите присутни, а потоа средба со Градоначалникот на општина Дебар, Ружди Лата на која повторно се афирмираа проблемите и потребите на лицата со интелектуална попреченост во општината.



ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар по повод месец Рамазан, а на иницијатива од организацијата Мерхамет организираа средба, поточно Ифтарска вечера за 42 лица со интелектуална попреченост. За време на вечерата присутните подетално се запознаа со активностите и плановите на двете организации и се договорија за понатамошна соработка. Организацијата Мерхамет на поголемиот дел од членството на ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар, по повод Рамазан Бајрам, им додели пакети со храна. Претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар, како знак на благодарност, врачи Благодарница и скулптури изработени од фабриката Кнауф Радика од Дебар.

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Скопје, поточно дневните центри ПОРАКА Скопје и во изминатиот период реализираа низа социјални активности. На покана на Општина Аеродром, корисниците на дневниот центар ПОРАКА Скопје од Аеродром се вклучија во одбележувањето на роденденот на Општината преку изложба на свои изработки. ПЗУ ВИТА ДЕНТ, во соработка со Лакалут, во просториите на дневниот центар ПОРАКА Скопје во Аеродром одржаа дентална едукација за корисниците и видео презентација за здрава исхрана насочена кон подобро орално здравје.

На почетокот на месец мај корисниците на дневните центри зедоа учество на првиот спортски саем организиран од граѓанската организација ТАКТ и здружението СОЛИС. Корисниците учествуваа во мини маратонот за што секој од нив доби и сертификат за успешно завршување на трката, По повод денот на Дирекцијата за заштита и спасување на Република Македонија дел од корисниците на дневниот центар ПОРАКА Скопје во Аеродром присуствуваа на свеченоста за одбележување на овој настан. Во касарната Гоце Делчев во Скопје тие ја проследија смотрата на дел од постојаниот состав на силите за заштита и спасување како и на материјално - техничките средства на Дирекцијата. Секогаш кога временските услови го дозволуваат тоа, тимот на дневните центри на ПОРАКА Скопје настојува да реализира активности на отворено. Со оглед на атрактивноста и возбудата да се стигне до врвот со жичарница како несекојдневно искуство и овој пат Милениумскиот Крст на Водно беше одбран за рекреација и дружење во природа. “Како да се ограби банка” е името на театарската претстава која корисниците на дневните центри ПОРАКА Скопје имаа можност да ја проследат како плод на долгогодишна соработка и поддршка на нашите активности од страна на Драмскиот театар. Во текот на месец мај беше организирана и посета на кино Милениум притто се проследи долгометражниот анимиран филм “Принцовата страна на приказната”.



Константин Хаџи-Ристов, ученик во Меѓународната гимназија НОВА, на сопствена иницијатива изрази желба да реализира практична настава со корисниците на дневниот центар. Како што заеднички се договорија, сите заедно поминаа активен спортски ден на блиското игралиште учејќи за вештините на кошарката.

Во текот на месец јуни се организираше посета на изложбениот простор “Матка”. Преку поставените експонати кои ја објаснуваат историјата на електричната енергија во Македонија на опиплив и интерактивен начин се здобивме со нови и корисни информации. По посетата корисниците уживаа во крајбрежјето на реката Треска.



# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Гевгелија

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Гевгелија реализираше работилница за развивање на практични вештини на корисниците на социјалниот клуб под наслов “Подаруваме со љубов”. Главен акцент на работилницата беше изработување на свечени украсни плика, машни за подароци, украсување на предмети за подарок, изработка на ѓердани и нараквици за подароци за свечени прилики и родендени. Корисниците изработуваа букви од глина со кои напишаа “добредојдовте” и “среќен роденден”. Оваа работилница се спроведе заедно со родителите на лицата со интелектуална попреченост кои се договорија изработките да бидат изложени за продажба во Домот на културата и во центарот на градот, со што граѓаните во Гевгелија ќе имаат можност да се запознаат со потенцијалите и можностите на лицата со интелектуална попреченост.



## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп

Активностите во Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Прилеп и во социјалниот клуб продолжија редовно да се реализираат според предвидените програми и во изминатиот период. Во текот на месец април редовно се спроведуваа спортските активности во спортската сала на ООУ „Кире Гавриловски – Јане". Се реализираа неколку работилници на кои се изработуваа велигденски ракотворби, а и се разговараше за значењето на овој голем христијански празник. Активностите за усвојување на когнитивните, практичните и социјалните вештини се реализираа според планираниот распоред.

Во текот на месец мај, корисниците на социјалниот клуб беа гости на настан „Под ова небо исти сме" кој го организираше и го спроведе ЦПЛИП – ПОРАКА Битола, а вклучуваше работилници во Славјанскиот универзитет „Г.Р. Державин", дружење со членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола и ЦПЛИП – ПОРАКА Штип, и да ги посетат Зоолошката градина во Битола и локалитетот Хераклеа во близина на Битола. Корисниците на социјалниот клуб, и овој месец продолжија со спортско-рекреативните активности на терените на ООУ „Кире Гавриловски – Јане", како и со редовно предвидените останати активности. Една од работилниците на крајот од месецот беше наменета за одбележување на 24 Мај, денот на Сесловенските просветители Кирил и Методиј.

Активностите во Социјалниот клуб редовно се реализираа и во месец јуни. Во текот на овој месец, Здружението за општествена акција, едукација и превентива беа гости во социјалниот клуб и имаа можност да се запознаат и да се дружат со корисниците.



# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип

Активностите на Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Штип, како и на социјалниот клуб се реализираат согласно предвидените програми за работа. Во текот на мај во рамките на социјалниот клуб се реализираа низа активности на кои се усвојуваа когнитивните, практичните и социјалните вештини. Се реализираа и тематски работилници за изработка на различни ракотворби. Во соработка со Здржението Цивитас се организираа и реализираа неколку изложби на делата на Верче Андонова. Една од нив беше одржана во Домот на културата Лазар Софијанов во Кратово. Воедно, корисниците имаа можност да го разгледаат градот и месноста Куклица. Другата изложба се одржа во рамките на настанот „Под ова небо исти сме" кој го организираше ЦПЛИП – ПОРАКА Битола. Изложбата беше поставена во Славјанскиот универзитет „Г.Р.Державин". Корисниците на социјалниот клуб имаа можност да се дружат со членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола и ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп. На крајот од месец мај се реализираше уште една изложба. Овој пат во Домот на културата „Наум Наумовски – Борче" во Крушево. Овој настан се искористи за интересна прошетка низ градот и разгледување на знаменитостите, а воедно беше реализирана и посета на фабриката Витаминка во Прилеп.

Во текот на месец јуни продолжија активностите со истиот интензитет како и претходно. Се реализираа предвидените работилници за изработка на ракотворби, се организираа и друштвени игри, а редовно се спроведуваа и когнитивните, практичните и социјалните активности. Членовите на социјалниот клуб присуствуваа на завршниот настан на Академијата ЕУРОАРТ во Домот на Млади во Штип, го посетија и Баскетфест кој се одржа на плоштадот „Слобода", и присуствуваа на настанот „На секое дете му треба семејство", организиран од Министерството за труд и социјална политика на РМ и УНИЦЕФ.



# Наша Страница

## Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица

„Преку креативност поблиску до социјална инклузија" е насловот на проектот кој ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица започна да го имплементира од мај 2018 година, а финансиски е поддржан од Општина Струмица преку Програмата V2 од Буџетот на Општината. Општа цел на проектот е развој на социјалното претприемништво за поголема социјална инклузија на лицата со интелектуална попреченост. Целта на активностите е развој на креативните способности и потенцијалите за себеизразување кај лицата со интелектуална попреченост.





Клучни активности во рамки на проектот се: изработка на сувенири и украси од гипс, глина, стакло, хартија и други материјали; работилници за изработка на сувенири и украси; работно ангажирање на лицата со интелектуална попреченост во изработката на сувенири и украси и продажба на изработките.





Со новиот проект „Преку креативност поблиску до социјална инклузија", воведуваме нов модел на обука и квалификација на лицата со интелектуална попреченост за развој на нивни вештини, кои ќе допринесат кон креирање свои производи, користејќи ја нивната креативност и имагинација, а понатаму и пласирање на пазарот на нивните производи и градење на чувството на припадност во заедницата и разбивање на предрасудите и стереотипите.

ISSN 0350-5863

ПОРАКА